Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-4358/11
21.07.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: Собранието на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за дополнување на Законот за стопанските комори, што го утврди на седницата, одржана на 15 јули 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на минитерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија и труд.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.07.18 11:08:40 +02:00

Подготвил: Далибор Станојковски, 16.07.2025
Проверил: Никола Пасков, 16.07.2025
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 16.07.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 16.07.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.07.17 12:05:23 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 16.07.2025 18:01 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=fbeca97e-8990-40f4-8bbc-78f53ff1437a&docSharePointURL=/materijali/2025/638811829792641504/Documents/act.docx&materialId=03bc8a9e-d908-4ac8-b33d-6676d5af03d1** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и<br><br>Марјан Ристески, заменик на минитерот за економија и труд |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и<br><br>Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија и труд |

Предлог на закон
за дополнување на Законот за стопанските комори

Скопје, јули 2025 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за стопанските комори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/11) се уредуваат основањето, организацијата, работењето, финансирањето и престанокот на стопанските комори.

Со Предлогот на Законот за изменување се врши усогласување со измените на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со посочениот Предлог на Закон се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24).

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Законот не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ

Член 1

Во Законот за стопанските комори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/11), во членот 42 став (2) по зборот „ економија“ се додаваат зборовите „и труд“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ

## 1. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Со Законот за стопанските комори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/11) се уредуваат основањето, организацијата, работењето, финансирањето и престанокот на стопанските комори.

Со Предлогот на Закон за изменување се врши усогласување со измените на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани. Како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени на законот ќе се обезбеди техничко усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 121/24).

Одредба од Законот која се дополнува

Член 42

(1) Стопанските комори регистрирани според законите наведени во членот 41 од овој закон се должни да го усогласат своето работење со одредбите од овој закон во рок од шест месеци, сметано од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Доколку стопанските комори не го усогласат своето работење во рокот утврден со ставот (1) на овој член, Министерството за економија ќе поднесе барање до надлежен орган за поведување на постапка за ликвидација.